ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став (1) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 октомври 2026 година, донесе

УРЕДБА ЗА НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНИ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИНОВА

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат начинот и критериумите за реализација на проектите финансиски поддржани од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија – ИНОВА (во натамошниот текст: Агенцијата).

Член 2

(1) Реализацијата на проектите финансиски поддржани од Агенцијата се врши преку спроведување на јавен повик за избор на правни лица за реализација на програмските активности.

(2) Јавниот повик се објавува од страна на Агенцијата на Националниот портал за електронски услуги и на официјалната веб-страница на Агенцијата.

Член 3

(1) По истекот на рокот за поднесување на барањата утврден во јавниот повик од членот 2 на оваа уредба, од страна на Агенцијата се врши проверка на навременоста и комплетноста на барањата, а од страна на комисиите за евалуација избрани од страна на Управниот одбор на Агенцијата се проверува исполнетоста на критериумите утврдени во членовите 4 и 6 на оваа уредба и согласно доставената потребна документација.

(2) Барањата од ставот (1) на овој член се оценуваат и бодираат согласно критериумите утврдени во членовите 4 и 6 на оваа уредба.

(3) За секое барање од ставот (1) на овој член се утврдува бројот на освоени бодови по секој критериум одделно и вкупниот број на освоени бодови од сите критериуми заедно.

(4) Врз основа на вкупниот број на освоени бодови се утврдува ранг-листа на подносителите на барањата за избор на правни лица за реализација на проектите.

Член 4

(1) Критериуми за избор на правни лица - организации за деловна поддршка на претприемништвото за реализација на проектот за ваучерско советување и самовработување се:

1. Обучен кадар и работно искуство – најмногу 40 бодови, и тоа:

а) минимум високо образование и три години работно искуство;

б) број на посетени стручни обуки, семинари и работилници непосредно поврзани со предметните активности (најмногу 10 бодови):

- до 5 посетени обуки, семинари и работилници – 3 бодови;
- од 6 до 10 посетени обуки, семинари и работилници – 5 бодови;
- над 10 посетени обуки, семинари и работилници – 10 бодови.

в) број на одржани и реализирани обуки, семинари и работилници во областа (најмногу 30 бодови):

- до 5 реализирани обуки, семинари и работилници – 10 бодови;
- од 6 до 10 реализирани обуки, семинари и работилници – 20 бодови и
- над 10 реализирани обуки, семинари и работилници – 30 бодови.

2. Реализирани проекти од областа на претприемништвото и поддршка на микро, мали или средни претпријатија за ваучерско советување и самовработување - најмногу 30 бодови, и тоа:

- до 5 реализирани проекти – 5 бодови;
- од 6 до 10 реализирани проекти – 10 бодови;
- од 11 до 20 реализирани проекти – 20 бодови и
- над 20 реализирани проекти – 30 бодови.

3. Деловна поврзаност со локалните и регионалните институции за поддршка на микро, мали или средни претпријатија за ваучерско советување и самовработување – најмногу 15 бодови, и тоа:

- до 3 реализирани соработки, договори или меморандуми – 7 бодови;
- од 4 до 6 реализирани соработки, договори или меморандуми – 11 бодови;
- над 6 реализирани соработки, договори или меморандуми – 15 бодови.

4. Техничка и просторна оспособеност каде што ќе се реализираат активностите – најмногу 15 бодови, и тоа:

- обезбеден соодветен простор со површина поголема од 30 м², со опрема – 15 бодови;
- обезбеден соодветен простор со површина од 10 м² до 30 м², со опрема – 10 бодови;
- обезбеден соодветен простор со површина до 10 м², со опрема – 5 бодови;
- доколку подносителот не располага со соодветен простор и опрема – 0 бодови.

(2) Вкупниот број на бодови изнесува 100 бодови.

(3) Правните лица - организации за деловна поддршка на претприемништвото треба да имаат освоено најмалку 65 бодови од вкупниот број на бодови.

(4) Сите освоени бодови се собираат и го сочинуваат вкупниот резултат за овој критериум.

Член 5

Реализацијата на проектите од член 4 од оваа уредба правните лица - организации за деловна поддршка на претприемништвото го вршат преку:

- Воспоставување на прв контакт со потенцијалниот корисник на советувањето, спроведување на прво воведно советодавно интервју, внесување на податоци за корисникот на советување во системот и склучување на прва спогодба со корисникот.
- Издавање на ваучер на корисникот за поединечна советодавна услуга и
- Следење на советодавниот процес, информирање на Агенцијата, вршење на задачи и водење на документација во врска со реализацијата на проектот.

Член 6

(1) Критериумите за избор на правни лица за поддршка и имплементација на меѓународни стандарди/сертификати, за реализација на проектите во износ до 150.000,00 денари, од областите за заштита на животната средина, енергетска ефикасност, зелено градежништво, циркуларна економија, одржливо производство, одржлив туризам и угостителство, декарбонизација и управување со јаглероден отпечаток, се:

1. Да се регистрирани како микро, мали или средни претпријатија согласно со Законот за трговските друштва и со седиште во Република Северна Македонија;

2. Нивната главна/приоритетна дејност, евидентирана во Тековната состојба од Централниот регистар, да припаѓа во еден од следните сектори согласно НКД Рев. 2.1:

- Сектор А: Земјоделие, шумарство и рибарство (оддел 1);
- Сектор Б: Рударство и вадење на камен;
- Сектор В: Преработувачка индустрија;
- Сектор Ѓ: Градежништво;
- Сектор Ж: Транспорт и складирање;
- Сектор З: Дејности на сместување и сервисни дејности со храна;

3. Да имаат статус на активен деловен субјект кој постои и активно работи најмалку 12 месеци пред денот на објавувањето на јавниот повик;

4. Над субјектот да не е отворена постапка за стечај или ликвидација;

5. Да немаат изречена прекршочна санкција – привремена или трајна забрана за вршење на дејност или забрана за учество во постапки за јавни повици;

6. Да имаат остварено позитивен финансиски резултат во последната фискална година утврдена во јавниот повик;

7. Да имаат целосно подмирени доспеани обврски за јавни давачки (даноци и придонеси) и подмирени обврски кон вработените;

8. Да ги исполнуваат условите за помош од мало значење (de minimis), при што вкупната помош од мало значење доделена на претпријатието во период од три последователни фискални години да не го надминува прагот пропишан со прописите за контрола на државната помош;

9. Да не биле корисници на грант или финансиска поддршка преку проектот на Европската Унија „EU4EG“ за периодот 2022–2025 година;

10. За истите прифатливи трошоци да не користат средства од други донатори или буџетски извори (забрана на двојно финансирање).

11. Релевантност на апликацијата и соодветност на избраниот меѓународен стандард во однос на дејноста, потребите и целите на зелената транзиција — до 25 бодови;

- избраниот стандард да е соодветен за секторот во кој работи претпријатието (до 6 бодови);
- во апликацијата да е објаснета причината за избор на стандардот (до 4 бодови);
- воведувањето на стандардот да придонесува кон - заштита на животната средина, одржливо работење, циркуларна економија, подобро управување со ресурсите, енергетска ефикасност, или намалување на емисии и отпад (до 9 бодови);
- предложените активности да се усогласени со целите на јавниот повик (до 3 бодови);
- да постои логична поврзаност помеѓу моменталната состојба на претпријатието и очекуваните подобрувања (до 3 бодови).

12. Капацитет на подносителот на барањето за навремена и успешна реализација на проектните активности — до 20 бодови;

- претпријатието да има соодветна организациска структура (до 5 бодови);
- да има назначено лице или тим кој ќе го спроведува проектот (до 3 бодови);
- претпријатието да има претходно искуство со воведување системи за управување или сертификати (до 3 бодови);
- да има обезбедено технички услови за воведување на стандардот (до 6 бодови);
- планираните активности да се реално изводливи во предвидениот рок (до 3 бодови);

13. Очекувани резултати за реализација на проектот и нивното мерливо влијание врз животната средина, заштедата на енергија и ресурси и зголемувањето на конкурентноста — до 30 бодови;

- резултатите да се прецизно дефинирани со утврдени целни вредности (до 5 бодови);
- резултатите да се квантитативно мерливи преку објективни показатели за намалување на потрошувачката на енергија/ресурси, намалување на емисиите или намалување на отпадот согласно прописите за заштита на животната средина и енергетска ефикасност (до 5 бодови);
- резултатите да се реално остварливи во рамките на предвидениот рок и расположливиот капацитет на апликантот (до 5 бодови);
- резултатите да се поврзани со предложените активности (до 5 бодови);
- да придонесуваат кон намалување на влијанието врз животната средина, намалување на потрошувачката на енергија, намалување на отпад, подобро управување со отпад, намалување на емисии, подобро користење суровини, циркуларна економија, и подобра усогласеност со законската регулатива (до 10 бодови).

14. Финансиска оправданост, реалност и економичност на предложениот буџет и обезбеденото сопствено учество — до 15 бодови;

- сите трошоци да се прифатливи и да се директно поврзани со проектот (до 4 бодови);
- цените во понудите да се реални (до 4 бодови);
- предложениот буџет да е соодветен за активностите (до 3 бодови);
- апликантот да обезбедува поголемо сопствено учество од минимално потребното (до 4 бодови).

15. Поттикнување на ранливи и инклузивни категории (бодовите се доделуваат исклучиво врз основа на доставен доказ дека основачот/ите припаѓаат на ранлива и инклузивна категорија - лица со посебни потреби, жени од рурални средини, жени претприемачки, припадници на ромската заедница, корисници на гарантирана минимална помош, самохрани родители, жртви на семејно или родово базирано насилство) — (до 10 бодови).

(2) Правните лица за поддршка и имплементација на меѓународни стандарди/сертификати треба да имаат освоено најмалку 70 бодови од вкупниот број на бодови, согласно став (1) на овој член.

Член 7

Реализација на проектите од членот 6 на оваа уредба се врши преку:

- спроведување на проектни активности согласно одобрениот проектен предлог и склучениот договор за доделување на финансиска поддршка;
- овозможување да се врши административен и теренски мониторинг и контрола на реализацијата на проектните активности;
- доставување на финален финансиски извештај за реализација на проектот со потребна документација до Агенцијата.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-6891/18
20 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.